АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20), се доставува:

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: 25.12.2020 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 10 | 4701 | 1 | |

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво телевизија ИРИС ДОО Штип;

3. **Период опфатен со надзорот:** 15 декември 2020 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 25 декември 2020 година

5. **Предмет на надзорот:**
   - **Член 14 од Законот за медиуми** (Импресум);
   - **Упатство за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците** (Бр.01-4443/1 од 09.10.2018 година)

6. **Претходно изречена мерка:**

*На 29.09.2020 година, за непочитување на членот 14 од Законот за медиуми, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе решение за изрекување мерка јавна опомена (Уп1 бр.03-331, од 29.09.2020 година) на телевизискиот програмски сервис на Трговско радиодифузно друштво телевизија ИРИС ДОО Штип.*

*Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 45 (четириесет и пет) дена од денот на приемот на решението (19.10.2020 година), да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми.*

7. **Констатации од надзорот:**

Со контролниот административен надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговско радиодифузно друштво телевизија ИРИС ДОО Штип, емитуван на 15 декември 2020 година, на регионално ниво, е констатирано дека субјектот на надзорот (радиодифузерот) **не постапил по решението за изрекување мерка - јавна опомена**, односно не ја отстранил извршената повреда на член 14 од Законот за медиуми.

На 15 декември 2020 година, во три изданија на емисијата „Ирис Вести" и во емисијата „Неделно интервју" преземена од Радио Слободна Европа не беа објавени податоци за импресум.

Имено, спротивно на точка 5 од Упатството за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците, ниту во текот на дневно-информативната емисија „Ирис вести", ниту на одјавна шпица, не беа објавени податоците за импресумот - авторската, реализаторска екипа, име и презиме на новинарот авторот на објавениот прилог, име и презиме на другите лица со значаен ангажман во изработката на прилогот (снимател, монтажер и сл.), податоците за уредништвото и за датумот на продукцијата.

15.12.2020 г.

| **Наслов на емисијата** | **Период на емитување** | | **Опис на прекршувањето** |
|---|---|---|---|
| | **почеток** | **крај** | |
| *„Ирис Вести"* | 17:10:16 | 17:28:56 | Ни во текот на емисијата ни на одјавна шпица не се објавени податоци за импресумот - идентификација на новинарите и на реализаторскиот тим на поединечните информативни прилози и на емисијата „Ирис Вести". |
| | 20:02:42 | 20:23:27 | |
| | 23:02:52 | 23:23:36 | |

Спротивно на точка 10 од Упатството за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците, при емитувањето на емисијата „Неделно интервју" преземена од Радио Слободна Европа не беа објавени податоци за импресум, односно не беше емитувана оригиналната шпица на програмата.

15.12.2020 г.

| **Наслов на емисијата** | **Период на емитување** | | **Опис на прекршувањето** |
|---|---|---|---|
| | **почеток** | **крај** | |
| **„Неделно интервју" на Радио Слободна Европа** | 18:20:17 | 18:34:15 | Не се објавени податоци за импресум, односно не е емитувана оригиналната шпица на програмата од туѓо производство. |

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на член 14 од Законот за медиуми**, телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво телевизија ИРИС ДОО Штип, на 15 декември 2020 година, во изданијата на емисијата „Ирис вести" и во емисијата „Неделно интервју" преземена од Радио Слободна Европа не ги објави податоците што е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис.

9. **Предлог мерка:**

И покрај решението за изрекување мерка јавна опомена донесено на 29.09.2020 година, Трговското радиодифузно друштво телевизија ИРИС ДОО Штип не ја отстрани повредата, односно продолжи со вршење на истата повреда на Законот за медиуми.

Оттаму:

- Во согласност со член 23 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата да донесе предлог за поведување прекршочна постапка.

***Сектор за програмски работи***